# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 6 | Четврток, 4 мај 2006 год. |
|---|---|

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:** Стр.

**61.** **Буџетски календар** за подготовка и донесување на Буџетот за општина Струмица за 2007 год………………….…….. 114

**62.** **Одлука** за определување цени за вршење на непрофесионални услуги од страна на ТППЕ Струмица ……………….. 116

**63.** **Заклучок** за усвојување на Програмата за работа на ТППЕ Струмица за 2006 година ………………………………………. 117

**64.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за работа на ТППЕ Струмица за 2005 година …………….. 118

**65.** **Заклучок** за усвојување на Годишната сметка на ЈОУДГ “Детска радост” Струмица за 2005 година …… 118

**66.** **Заклучок** за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за квартал 1-03/2006 год..... 119

**Градоначалник на општина Струмица:**

**67.** **Програма** за работа на Овластениот општински просветен инспектор за 2006 година ……………………………………….. 119

**68.** **Решение** за формирање на Комисија за јавно наддавање …………………… 120

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
За објавување на Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2007 год.

1. Се објавува Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2007 година, донесена

на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.04.2006 година.

Број 08-2572/2 Градоначалник
03.05.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...............................

**61.**

Врз основа на член 27 точка 4 од законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 61/04) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица број 4/03 и 6/02) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.04.2006 година, донесе

**Буџетски календар**
**за подготовка и донесување на Буџетот на општина Струмица за 2007 година**

| Можен датум | Б у џ е т с к и а к т и в н о с т и | Одговорност |
|---|---|---|
| Април 2006 г. | Советот на општината донесува буџетски календар | Совет на општина Струмица |
| Мај-јуни 2006 г. | Советот на општината усвојува развојни документи | Совет на општина Струмица |
| 1 - 30 09/06 | Министерот за финасии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општините | Член 21 од Законот на буџетите ("Сл. весник на РМ" бр. 64/04) Член 27 став 1 и 2 од Закон за финансирање на ЕЛС ("Сл.весник на РМ" бр. 61/04) |
| 05/10/ 2006 г. | Градоначалникот и Секторот за финансии и буџет се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година | Градоначалник, Сектор за финансирање и буџет |
| 10/10 2006 г. | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатства се доставуваат со другите сектори и сите општински буџетски корисници заедно со писмото од Градоначалникот за зацртаните одредби | Сектор за финансирање и буџет |
| 25/10 2006 г. | Проценката на трошоците и изготвените програмски активности за наредната буџетска година се враќаат во Секторот за финасирање и буџет од останатите сектори и општинските буџетски корисници | Раководители на сектори Буџетски корисници |
| 30/10/ 2006 г. | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализираат и усогласуваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи | Сектор за финансирање и буџет |
| Ноем-ври 2006 г. | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените предлог - буџетски пресметки и го одобрува Предлог-буџетот подготвен од Секторот за финансирање и буџет | Градоначалник |

| | | |
|---|---|---|
| Ноем-<br>ври<br>2006 г. | а. Предлог-буџетот се доставува до Советот на Општината<br>б. Се објавува содржината на Предлог-буџетот и се дава на достапност на јавноста; и<br>в. Се одржуваат јавни расправи | Градоначалник |
| Декем-<br>ври<br>2006 г. | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на градоначалникот | Градоначалник |
| Декем-<br>ври<br>2006 г. | Се води расправа во телата на Советот на општината | Комисија за буџет и финансии |
| Декем-<br>ври<br>2006 г. | 1. Седница на Советот на општината за донесување на Буџетот за наредната година<br>2. Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот се донесува Одлука за времено финансирање согласно член 28 став 2 од Законот за финансирање на ЕЛС (Сл. весник на РМ” бр. 61/04) | Совет на општина Струмица |

Буџетскиот календар влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-2572/1 Совет на општина Струмица
28.04.2006 год П р е т с е д а т е л
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
За објавување на Одлуката за вршење на непрофесионални услуги од страна на ТППЕ - Струмица

1. Се објавува Одлуката за вршење на непрофесионални услуги од страна на ТППЕ - Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.04.2006 година.

Број 08-2576/2 Градоначалник
03.05.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................

**62.**

Врз основа на член 5 од Законот за пожарникарство (“Сл. весник на РМ “ бр. 67/04) и член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03 и 6/02) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.04.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за определување цени за вршење на непрофитабилни услуги од страна на ТППЕ-Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат цените за вршење на непрофитабилни услуги од страна на ТППЕ – Струмица и тоа со:

| | | Време на ангажирање во часови | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | Проивпожари скали едноделни | 1 | 100,00 |
| 2. | Противпожарни дводелни | 1 | 200,00 |
| 3. | Противпожарно јаже | 1 | 160,00 |
| 4. | Противпожарен опасач | 1 | 40,00 |
| 5. | Противпожарен шлем | 1 | 20,00 |
| 6. | ПП црева Ф 52 мм | 1 | 60,00 |
| 7. | ПП црева од 75 мм | 1 | 70,00 |
| 8. | ПП помпа за извлекување вода | 1 | 200,00 |
| 9. | ПП млазнии | 1 | 20,00 |
| 10. | Испитување на ПП хидранти | 1 | 200,00 |
| 11. | ПП рефлектори | 1 | 100,00 |
| 12. | ПП мегафон | 1 | 100,00 |
| 13. | ПП редуцир спојки | 1 | 40,00 |
| 14. | Обезбедување на спортски натпревари | 1 | 1.500,00 |
| 15. | Обезбедување на објекти | 1 | 1.500,00 |
| 16. | Противпожарно теренско возило ”Лада Нива” | 1 | 2.000,00 |
| 17. | Транспорт на вода со ПП возило до 25 км | | 4.000,00 |
| 18. | Транспорт на вода со ПП возило над 25 км | За секој км плус | 60,00 |

Во цената на услугите не е пресметан ДДВ.

Член 2

Средствата остварени од вршењето на услугите се приход на Буџетот на општина Струмица, а ќе се употребуваат за подобрување на техничката опременост и условите за работа воТППЕ-Струмица.

Член 3

Вршењето на услугите од страна на ТППЕ-Струмица, не смее да го оневозможува или попречува извршувањето на функциите за гаснењето на пожари, спасувањето на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажувањето на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршувањето на други работи при несреќи и непогоди.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-2576/1 Совет на општина Струмица
28.04.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица за 2006 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на територијалната професионална противпожарна единица во Струмица за 2006 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.04.2006 година.

Број 08-2575/2 Градоначалник
03.05.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

**63.**

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03 и 2/06) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.04.2006 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Програмата за работа на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица за 2006 година**

1. Се усвојува Програмата за работа на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица во 2006 година.

2.Програмата во иднина да се донесува до 31 декември во тековната година за наредната година, да е поконкретна и точно да се знае чии се обврските.

3.Точка 6 од Програмата да гласи “Испитување на исправноста на противпожарната и заштитната опрема”.

4. Во точка 9 ставот 1 да гласи: “Во Територијалната професионална противпожарна единица Струмица според Правилникот за минимално техничка опрема и средства за гаснење недостасува следната опрема: Во истата точка се додава: набавка на компјутер. Се додава и нов став 2 кој гласи “финансирање на техничкото опремување на Територијалната професионална противпожарна единица Струмица ќе се врши од средствата од наплатените премии за осигурување на имот од пожар.”

5.Точка 17 од Програмата се брише.

6.Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-2575/1 Совет на општина Струмица
28.04.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

.......................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Територијалната професионална противпожарна единица во Струмица за 2005 год.

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Територијалната професионална противпожарна единица во Струмица за 2005 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.04.2006 година.

Број 08-2574/2 Градоначалник
03.05.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................

**64.**

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03 и 2/06) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.04.2006 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за работа на Територијалната професионална противпожарна единица во Струмица за 2005 година**

1. Се усвојува Извештајот за работа на Територијалната професионална противпожарна единица во Струмица за 2005 година.

2. Во Извештајот да отпадне точката 12.

3. Од Територијалната професионална противпожарна единица во Струмица и Општинскиот противпожарен сојуз да се достават посебни извештаи за состојбите и проблемите за неостварување на меѓусебната соработка.

4.Територијалната професионална противпожарна единица во Струмица во иднина да доставува тромесечни извештаи со прегледи за извршените работи и работни задачи.

5. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-2574/1 Совет на општина Струмица
28.04.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

.......................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната сметка на ЈОУДГ “Детска Радост” Струмица за 2005 год.

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната сметка на ЈОУДГ “Детска Радост” Струмица за 2005 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.04.2006 година.

Број 08-2573/2 Градоначалник
03.05.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

## 65.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на на општина Струмица” број 4/03 и 2/06) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.04.2006 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Годишната сметка на ЈОУДГ “Детска Радост” Струмица за 2005 година**

1. Се усвојува Годишната сметка на ЈОУДГ “Детска Радост” Струмица за 2005 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-2573/1 Совет на општина Струмица
28.04.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

...............

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03 и 2/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
За објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај на Буџетот на општина Струмица за квартал 01-03/2006 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај на Буџетот на општина Струмица за Кварталот 01-03/2006 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 27.04.2006 година.

Број 08-2571/2 Градоначалник
03.05.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.........................

## 66.

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 61/04) и член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03 и 2/06) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.04.2006 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за Кварталот 01 - 03/2006 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за кварталот 01 – 03/2006 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Кварталниот извештај составен на Образец К1 и Образец К2.

3. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-2571/1 Совет на општина Струмица
28.04.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

...................

**67**.

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за просветна инспекција ("Сл. весник на РМ", бр. 52/05) и чл. 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03 и 2/05), д о н е с у в а м

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАБОТА НА ОВЛАСТЕНИОТ ОПШТИНСКИ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОР ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Во 2006 година овластениот општински просветен инспектор ќе врши надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на образованието од надлежност на општината на начин и постапка утврдени во Законот за просветна инспекција, а особено за:

-условите и постапката за основање и престанок со работа на воспитно-образовните установи основани од општината;

-условите за работа на воспитно-образовните установи основани од општината;

-запишувањето на учениците во основните училишта (особено во подготвителна година и прво одделение, посебно за учениците кои ја следат наставата на турски наставен јазик) и училиштата за средно образование (особено во прва година);

-опфат на учениците во основното образование согласно со реонизацијата на основните училишта (опфаќајќи го осипувањето на учениците, преминувањето од едно во друго ОУ);

-превоз и исхрана на учениците од основното образование во општина Струмица, исхрана и сместување на учениците од средното образование во ученичкиот дом;

-условите за избор на наставници и стручни соработници во основните и училиштата за средно образование во општина Струмица;

-постапката за формирање на училишни органи (училишен одбор, совет на родители) во основните и училиштата за средно образование во општина Струмица;

-контрола над средствата стекнати од сопствени извори во основните и училиштата за средно образование во општина Струмица;

2. При вршењето на надзорот инспекторот има овластување да:

-остварува увид во извршувањето на законите, други прописи и општи акти во основните училишта и училиштата за средно образование во општина Струмица и бара потребни податоци за тоа;

-укажува на извршување на законите и другите прописи, односно отстранување на констатираните недостатоци произлезени од примената на незаконски мерки или повредата на законот и др. прописи во основните и училиштата за средно образование во општина Струмица;

-спречува спроведување на незаконски мерки, дејства, работи и постапки во основните и училиштата за средно образование во општина Струмица;

-предлага поведување дисциплинска постапка против вработените во основните и училиштата за средно образование во општина Струмица;

-предлага до раководниот орган на основното училиште, училиштето за средно образование и ученичкиот дом мерка отстранување од работното место на вработен од работно место, ако врз основа на факти при вршење на надзорот утврдил дека постои основано сомневање дека наставник и други вработени во

воспитно-образовниот процес сториле повреда согласно член 30 став 1 алинеја 1-6 од Законот за просветна инспекција;

-предлага до Градоначалникот на општина Струмица мерка отстранување од работното место на вработен од работно место, ако врз основа на факти при вршење на надзорот утврдил дека постои основано сомневање дека директорот на воспитно-образовната установа во воспитно-образовниот процес сторил повреда согласно член 30 став 1 алинеја 1-6 од Законот за просветна инспекција;

-го известува Советот на општина Струмица за наодите од извршениот инспекциски надзор за случаите кога е потребно отстранување на повреди од таков карактер кои не трпат одлагање и го загрозуваат животот или здравјето на децата, учениците и вработените во воспитно-образовниот процес.

3. Извршувањето на обврските инспекторот ќе ги остварува континуирано, како вршење на **редовен надзор** и повремено, како вршење на **вонреден надзор** (врз основа на иницијатива на ученици, родители, совет на родители, вработени во воспитно-образовната установа или од други граѓани). За одредени дејства кои се поврзани со рокови или периоди, и произлегуваат од одредбите на Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за просветна инспекција и други акти од областа на образованието, општинскиот просветен инспектор ќе *изработи оперативна програма* со активности, рокови, анализа и сл.

4. За извршениот надзор, утврдените состојби, преземените дејства и мерки, инспекторот составува записник и решение. Записникот и решението инспекторот ги доставува до воспитно-образовната установа, ученичкиот дом каде е извршен инспекцискиот надзор и до Советот на општина Струмица, во рок од 15 дена од денот на извршениот инспекциски надзор.

5. По извршениот редовен и вонреден надзор, општинскиот просветен инспектор секогаш ќе изврши и **контролен надзор** по истекот на рокот определен од инспекцијата за отстранување на недостатоците.

6. Општинскиот просветен инспектор до градоначалникот на општина Струмица **доставува годишен извештај** за својата работа најдоцна до 31 јануари во тековната за претходната календарска година. Извештајот мора да ги содржи податоците од член 15 став 5 точка 1-6 од Законот за просветна инспекција.

7. Програмата за работа на овластениот општински просветен испектор за 2006 година стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.10-2765/1 Градоначалник
04. 05. 2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………..

**67.**

Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03 и 2/06) и член 4 од Одлуката за оттуѓување на градежно неизградено земјиште сопственост на општина Струмица, донесувам

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за јавно наддавање**

1. Се формира Комисија за спроведување на постапката за продажба по пат на јавно наддавање на недвижноста – градежно неизградено земјиште сопственост на општина Струмица на КП број 2495/1 во КО Струмица во површина од 2339 м$^2$.

2. За членови на Комисијата ги избирам:

- Парталов Кирил – за претседател
- Динев Стојан – за член
- Георги Николов – за член

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 08-2316/2 Градоначалник
04.05.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.